Government of Western Australia
North Metropolitan Health Service

BreastScreen WA
WA's only accredited screening service

# Што следува откако ќе направите мамограм?

## Ви честитаме што го направивте овој важен здравствен преглед!

Два радиолози ќе ги прегледаат вашите рендгенски снимки. Се трудиме колку што можеме да обезбедиме да ги испратиме вашите резултати преку пошта или преку е-пошта во рок од две недели. Резултатите исто така ќе му ги испратиме на докторот од општа пракса (GP) што ќе го назначите освен ако побарате да не го направиме тоа. Со ваша дозвола, резултатите ќе бидат внесени во вашето My Health Record (Мое електронско здравствено досие).
Ако сте загрижени за било што, можете да ја посетите нашата веб-страница на www.breastscreen.health.wa.gov.au или да телефонирате на (08) 9323 6700 или ако живеете во внатрешноста бесплатно на 1800 800 033.

## Што ќе се случи ако треба повторно да направам рендгенска снимка?

Многу ретко, радиологот може да побара повторно да направите рендгенска снимка ако претходната снимка не е доволно јасна. Ако има потреба од тоа, ќе ви се јават преку телефон или ќе ви испратат писмо повторно да дојдете на снимање. Овие повторни рендгенски снимки ќе се направат во клиниката за проверка на дојки.

## Што ќе се случи ако треба да направам дополнителни рендгенски снимки на дојките?

Околу 1 од 20 жени треба да се врати за да направи дополнителни рендгенски снимки на дојките. Овие рендгенски снимки ќе се направат на делот на дојката кој треба да се испита подетално. Ако е потребно тоа, BreastScreen WA ќе ве контактира за да ви закаже преглед.

## Жени кои живеат во градското подрачје

Во градското подрачје, дополнителните рендгенски снимки се прават во еден од BreastScreen WA's Breast Assessment Centres (Центри на BreastScreen WA за проверка на дојките), кои се наоѓаат во болниците Fiona Stanley, Royal Perth и Sir Charles Gairdner.

Често, овие дополнителни рендгенски снимки нема да покажат никакви проблеми. Мал број на жени треба да направат неколку дополнителни тестови, на пример, ултразвук (ехо) или биопсија на дојките. Овие тестови се прават истиот ден како и дополнителните рендгенски снимки.

## Жени кои живеат во внатрешноста на Западна Австралија

За жените од внатрешноста, дополнителните рендгенски снимки се прават во мобилните служби. BreastScreen WA ќе ве контактира за да ве извести ако треба да направите дополнителни тестови. Во Bunbury South West Health Campus, постои постојана регионална служба за тестирање и проверка на дојките.

## Важно е да запамтите дека повеќето жени кои прават дополнителни тестови немаат рак

Сите жени кои треба да направат дополнителни тестови имаат избор да бидат директно упатени во еден од нашите Breast Assessment Centres (Центри за проверка на дојките) или да отидат на преглед кај нивниот доктор од општа пракса. Резултатите од сите тестови во Breast Assessment Centres може да се добијат веднаш после прегледот, со исклучок на резултатите од основна биопсија кои ќе може да се добијат после 24 часа.
За малиот број на жени кај кои ќе биде откриен рак, навременото откривање значително ќе ги подобри нивните шанси за успешно лекување. Ракот на мал дел од дојката често може да се отстрани со помал хируршки зафат во однос на тој што се прави при рак на поголема површина од дојката.

## Дали мамограмот ќе ги покаже сите видови на рак на дојката?

Со мамограмот може да се откријат 70-90% од сите видови на рак на дојката. Меѓутоа, мал број на видови на рак на дојката не може да се видат на мамограмот. Постои можност мамографијата да не открие промена предизвикана од рак на дојката (лажен негативен резултат) или дека треба да се направат дополнителни тестови за да се испита промена која не е предизвикана од рак на дојката (лажен позитивен резултат).
Ако забележите било какви промени во вашите дојки, на пример, грутки, исцедок од брадавиците или нова болка во дојките која е постојана, ве молиме веднаш отидете кај вашиот доктор од општа пракса, дури и ако последниот мамограм што сте го направиле не покажал знаци на рак на дојката. Бенигните промени (промени кои не се опасни), на пример, цисти, често може да се видат на мамограмот, меѓутоа ќе ве известат ако треба да направите дополнителни тестови.

## Што следува?

BreastScreen WA ќе ви испрати писмо кога ќе треба да го направите следниот мамограм.  Ако, од било која причина, не добиете писмо, ве молиме телефонирајте ни на 13 20 50* и ние ќе ви закажеме преглед.
Мамограмите што сте ги направиле преку програмата се чуваат внимателно за да може да се споредат со идните снимки на дојките.
Жените на возраст над 75 години не добиваат писмо како потсетник да направат мамограм, но се добредојдени да закажат преглед преку Интернет или да телефонираат на 13 20 50*.
Ако сте ја смениле вашата адреса, ве молиме телефонирајте на 13 20 50* и известете не за тоа.
За преведувач, ве молиме јавете се на 13 14 50
(*по цена на локален повик)

## Што друго треба да правам?

**Жените на возраст над 50 години може да прават БЕСПЛАТЕН мамограм секои две години.**

- Ако редовно правите проверки, било кој вид на рак на дојките што ќе се открие веројатно ќе биде во рана фаза.
- Само од 1% до 5% од жените може да треба да прават мамограм секоја година во зависност од колку ракот на дојката бил значаен во нивната семејна историја.
- Ако претходно сте имале рак на дојките, важно е да одите на редовни прегледи кај вашиот доктор од општа пракса и да правите мамограм секоја година.

**Следете ги измените во вашите дојки**

- Запознајте ги вашите дојки и што е нормално за вас. Гледајте ги дојките на огледало и пипкајте ги од време на време.
- Веднаш отидете кај вашиот доктор од општа пракса ако забележите било какви невообичаени промени во дојките.
- Замолете го вашиот доктор од општа пракса  при следниот преглед да ви каже како да ги одржувате дојките здрави.

**Во промените кои не смеат да се запоставуваат се вклучуваат:**

1. грутка, згрутчување или задебелување на ткивото во дојките или пазувата;
2. промени на брадавицата на дојката, на пример, вовлекување на брадавиците, нов исцедок од брадавиците, чешање или воспаление на кожата на дојката;
3. промени на кожата на дојките, на пример, брчки, вдлабнувања или црвенило;
4. дел од дојката кој го чувствувате како различен од другите делови;
5. нова и постојана болка во дојките.

## Дали имате било какви прашања?

Контактирајте го вашиот доктор од општа пракса или телефонирајте на: BreastScreen WA на 13 20 50 за да закажете преглед или на  (08) 9323 6700 за информации или на 1800 800 033 (за жени од внатрешноста – повикот е бесплатен)

Електронска пошта: breastscreenwa@health.wa.gov.au

National Relay Service (Национална служба за поврзување на лица со оштетен слух или говор) www.relayservice.gov.au

Служба за писмено и усмено преведување  (TIS) 13 14 50

**Повеќе информации на македонски јазик можете да најдете на веб-страницата на BreastScreen WA:**

www.breastscreen.health.wa.gov.au/Breast-screening/Multicultural-women

BreastScreen AUSTRALIA
A joint Australian, State and Territory Government Program

BEAT BREAST CANCER
HAVE A FREE X-RAY
RING : 13 20 50

LIKE US ON facebook